# Policy Position Papers

# Од областа на Градежништво

**Создавање на урбанистички услови за намалување на процентот за изградба на станови за лица со посебни потреби**

# Формулар за идентификување на проблеми –

# Позиционен документ

# (Policy Position Paper)

*Овој документ ќе се користи како алатка за потребите на „Проектот на УСАИД – Партнерство за подобра бизнис регулатива“ за идентификување на ограничувачки институционални политики, како и за подобрување на конкурентноста и правната усогласеност на компаниите*

| **Датум:** | **Поднесено од:** | **Краток назив на ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ (Policy Issue):**<br><br>Создавање на урбанистички услови за намалување на процентот за изградба на станови за лица со посебни потреби |
|---|---|---|

Овој ИДЕНТИФИКУВАН ПРОБЛЕМ е релевантен за подобрување на регулативата во (заокружи):

***Сектор - Земјоделство;  Сектор - Градежништво;  Сектор - Туризам;  Сектор - Текстил;  Сектор – ИКТ ;  Сите Сектори***

1. **Краток опис на ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ Policy Issue– За кои проблеми е потребно решение? Каква е моменталната ситуација (Анализа на политики: моментални околности, конкретно идентификување на проблеми)**

Врз основа на согледани податоци моментално во Република Македонија не постои голема побарувачка за изградба на станови за лица со посебни потреби и во таа насока предлагаме да се намали процентот за изградба на станови за лица со посебни потреби. Стопанските комори ја подржуваат потребата од изградба на станови за лица со посебни потреби но во моментов утврдениот процент не е одраз на реалните потреби на пазарот и не ја исполнува

утврдената социјална цел, а генерира трошоци кои ја зголемуваат цената на чинење на објектите.

2. **На кој начин ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ (Policy Issue) негативно влијае врз конкурентноста, работењето и правната усогласеност на компаниите?**

   При проектирањето и изведбата на станбените објекти, се јавува потреба да се проектираат станови за лица со посебни потреби во процент за кој потоа нема побарувачка на пазарот на недвижнини.

3. **На каков начин компаниите се соочуваат со ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ (Policy Issue) и каква е нивната процентуална застапеност по сектори во однос на проблемот?**

   Според реалните потреби на пазарот за станови за лица со посебни потреби, барем во досегашната пракса, не е потребен толкав процент на изграденост на овој вид на станови.

4. **Кои се важечките закони , подзаконски прописи ( наведување на членовите ) кои го регулираат ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ (Policy Issue)?**

   Закон за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016 и 132/2016), Закон за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр. 199/2014, 44/2015, 193/2015, 31/2016 и 163/2016)

5. **Кои државни институции се директно вклучени во регулирањето или решавањето на овој проблем? Дали треба да бидат вклучени и дополнителни институции?**

   Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски и Министерството за труд и социјална политика.

6. **Како овој проблем е регулиран во други држави?**

Согласно законските прописи во областа на проектирањето и изведбата и во земјите од Регионот, секогаш би требало да се имаат во предвид условите за пристап и влез во станбените објекти, како и опремување на становите за лица со посебни потреби.

7. **Кои се квантитативните и квалитативните резултати/придобивки кои ќе ја подобрат конкурентноста на компаниите, а кои директно ќе произлезат од успешното адресирање – упатување - решавање на ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ (Policy Issue)?**

   Промена на законската регулатива само ќе овозможи компаниите да создаваат услови за движење и домување на лицата со посебни потреби, а не треба да се говори за конкурентност.

8. **Кои се квантитативните и квалитативните резултати/придобивки фискални импликации на Државата, доколку ИДЕНТИФИКУВАНИОТ ПРОБЛЕМ (Policy Issues) успешно се адресира – упати – реши ?**

   Со промена на законската регулатива од страна на надлежното министерство, бизнис заедницата заедно со државните институции ќе делуваат во создавањето на услови за полесен пристап на лицата со посебни потреби, како до своите домови, така и олеснувањето во движењето низ населените места односно градовите.

9. **Предлог решенија и очекувани резултати? Што сакаме да се постигне, во која насока треба да се насочиме? (главни цели)**

   Се предлага при проектирањето на станбени објекти, становите за лица со посебни потреби да бидат предвидени по можност на пониските спратови и тоа:

   - До 10 стана во објектот - 1 (еден) стан за лица со посебни потреби
   - Над 10 стана во објектот – 10% од становите за лица со посебни потреби